Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 јули 2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Сити Палас со седиште на ул. „Кеј Македонија“ бр. 31 Охрид ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија.

## Образложение

Сити Палас ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. „Кеј Македонија“ бр. 31 Охрид поднесе Барање бр. УПI-13-158 од 24.4.2023 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Сити Палас со седиште на ул. „Кеј Македонија“ бр. 31 Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УПI-13-158 од 18.5.2023 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 41-5950/6
11 јули 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Фатмир Битиќи

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата